Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 55 став (2) од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе:

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Mbështetjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-36/1
14.01 20 21 год./vit
Скопје / Shkup

# РЕШЕНИЕ

**За формирање на работна група и назначување на одговорно лице во процесот на управување со ризици**

1. Со цел воспоставување/подобрување на процесот на управување со ризици во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот се формира работна група со следните членови:

- Катерина Попова Димеска, распореден-а на работно место Помлад соработник за јавни набавки во Одделение за финасиски прашања и шифра на работно место УПР0101В04000, како носител на работната група;
- Џансел Бајрам, распореден на работно место Соработник за поддршка на буџетска координација во Одделение за финасиски прашања и шифра на работно место УПР0101В03000, како член на работната група;
- Сара Т. Костовска, распореден-а на работно место Советник за маркетинг и односи со јавност во одделение за промоција, маркетинг и меѓународна соработка и шифра на работно место УПР0101В01000, како член на работната група; и
- Ивана Д. Ландова, распореден-а на работно место Советник за стратегиско планирање на проекти во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје и шифра на работно место УПР0101В01000, како член на работната група;

2. Работната група од Точка 1, има задача да врши континуирана подготовка/ажурирање на :

- Стратегиите за управување со ризици, соодветно документирање на ризиците од работењето во регистарот на ризици и нивните плански документи, како и подобрување на известувањето за утврдените ризици во институцијата. Воедно, при утврдувањето на ризиците, работната група има задача да ги разгледува различните форми на ризици од корупција и истите да бидат составен дел од регистарот на ризици на институцијата; и

Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

- Планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финасиско управување и контрола со план за остранување на слабостите и неправилностите, како и да ја следат неговата реализација.

3. Врз основ на Извадокот од Нацрт – записникот на Триесет и осмата седница на ВРСМ одржана на 10.12.2024 година, членовите наработната група од Точка 1. најдоцна до 10.05.2025 година да го известат Министерството за финасии – Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна контрола во јавниот сектор , за преземените активности.

4. Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, за одговорно лице на институцијата кое ќе добива навремени информации за најзначајните ризици и ќе ги координира дејствата преземени со цел воспоставување/подобрување на процесот на управување со ризици го назначува административниот службеник Катерина Попова Димеска, распоредена на работно место Помлад соработник за јавни набавки во Одделение за финансиски прашања и шифра на работно место УПР0101В04000.

5. Ова Решение стапува на сила на денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Директорт на АППТ одлучи како ви изреката на ова решение по задолжувањата дадени од Влада на Р.С.Македонија согласно Извадокот од Нацрт – записникот на Триесет и осмата седница на ВРСМ одржана на 10.12.2024 година.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

В.Д. ДИРЕКТОР,

Билјана Стефаноска

**Доставено до:**

- именуваните
- архива